**Барање 23-5967/1**

Колку пари општината префрлила на медиуми и ПР агенции во периодот од 1 јануари 2022 година до 10 септември 2022 година?

На кои медиуми и Пр агенции се префрлени пари од општинскиот буџет, колкави се сумите за секој поединечно и на кои датуми се префрлени средствата?

Кои конкретно услуги ги добила општината за уплатите?(за секоја поединечно)

**Одговор 23-5967/2**

Општина Кавадарци во периодот од 01.01.2022 до 10.09.2022 година на медиуми,префрлила финансиски средства во вкупен износ од 186.869,00 денари,а на ПР агенции во наведениот период нема префрлено финансиски средства.

Од  општинскиiот буџет се префрлени финансиски средства на следниве медиуми:

**ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ**

На ден 21.02.2022 година вкупен износ од 8.720,00 денари (Јавна објава за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација за Урбанистички план и Јавна објава за продажба на движни ствари сопственост на Општина Кавадарци)

На ден 12.04.2022 година вкупен износ од 13.452,00 денари (Јавна објава за продажба и издавање по закуп на движни и недвижни ствари сопственост на Општина Кавадарци)

На ден 28.07.2022 година вкупен износ од 99.131,00 денари (Јавна објава за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација за Урбанистички план, Јавна објава за давање во закуп на недвижни ствари сопственост на Општина Кавадарци, Јавна објава за отуѓување на градежно земјиште , Јавен конкурс за избор на директор на ЈОУ Библиотека Феткин Кавадарци, Јавен конкурс за избор на директор на ЈП Мито Хаџи Василев Јасмин Кавадарци, Јавен конкурс за избор на директор на ЈП Комуналец Кавадарци, Јавен конкурс за избор на директор на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци)

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО**

На ден 24.02.2022 година вкупен износ од 8.264,00 денари (Јавна објава за организирање на повторна Јавна анкета и Јавна презентација за Урбанистички план, Јавен оглас за вработување на работник во ТППЕ Кавадарци и Јавна објава за продажба на движни ствари)

На ден 12.04.2022 година вкупен износ од 9.586,00 денари (Јавни објави за продажба на движни ствари и за давање во закуп на недвижни ствари)

На ден 20.04.2022 година вкупен износ од 3.636,00 денари (Јавна објава за продажба на движни ствари)

На ден 08.07.2022 година вкупен износ од 44.080,00 денари (Јавна објава за организирање на

Јавна анкета и Јавна презентација за Урбанистички план, Јавна објава за давање  во закуп на недвижни ствари сопственост на Општина Кавадарци, Јавна објава за отуѓување на градежно земјиште, Јавен конкурс за избор на директор на ЈОУ Библиотека Феткин Кавадарци, Јавен конкурс за избор на директор на ЈП Мито Хаџи Василев Јасмин Кавадарци, Јавен конкурс за избор на директор на ЈП Комуналец Кавадарци, Јавен конкурс за избор на директор на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци)